Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на РМ" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005 и 29/2007) и член 8 став (1) точка з) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Управниот одбор на Агенцијата на седницата, одржана на 29 ноември 2007 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ОД ПРИДОНЕСИ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ГО НАПЛАТУВА ОД ДРУШТВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ЗА 2008 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на месечниот надомест за 2008 година, што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од секое друштво за управување со пензиски фондови, пресметан како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензискиот фонд со кој управува друштвото.

Член 2

Висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, за 2008 година, изразен во проценти изнесува 1%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-1901/4
29 ноември 2007 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.